Врз основа на Одлуката за основање на Комисија за избор на кандидати на Република Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права бр. 42-1963/1 од 23.02.2016, а во врска со член 22 од Европската конвенција за човекови права, Комисијата за избор на кандидати на Република Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права, донесе

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СУДИЈА ВО ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Член 1**

Со овој Деловник, поблиску се уредува начинот на работа на Комисијата за избор на кандидати на Република Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: Комисијата), како и други прашања од значење за работата на Комисијата.

## I. СОСТАВ И НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА

**Член 2**

**Состав**

1) Комисијата е составена од:

- М-р Никола Попоски, Министер за надворешни работи – Претседател
- Вангелина Маркудова, судија на Уставниот суд на Република Македонија – член;
- Зоран Караџовски, член на Судскиот совет на Република Македонија- член;
- Д-р Зоран Сулејманов, член на Совет на јавни обвинители на Република Македонија – член;
- Илија Ристовски, државен секретар во Министерството за правда – член
- Д-р Ибер Села, професор од Правен факултет на Тетовскиот Универзитет- член.

2) Стручните и административните работи на Комисијата ги врши Министерството за надворешни работи.

**Член 3**

**Надлежности на Комисијата**

Задачи на Комисијата се:

- спроведување на постапката за избор на кандидати за судија на Република Македонија во Европскиот суд за човекови права;

- усвојување на предлог за избор на тројца кандидати за судија на Република Македонија во Европскиот суд за човекови права;

- достава на предлогот за избор на тројца кандидати до Меѓународниот советодавен панел на експерти на Совет на Европа со цел обезбедување на доверливо мислење;

- достава на усвоениот предлог за избор на тројца кандидати за судија на Република Македонија во Европскиот суд за човекови права до Владата на Република Македонија.

## II. НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

**Член 4**

1) За работите од својата надлежност утврдена со Одлука на Владата бр.42-1963/1 од 23.02.2016, Комисијата одлучува на седница.

2) Седниците на Комисијата се одржуваат по потреба.

3) Седницата ја закажува и со неа раководи претседателот на Комисијата. Претседателот на Комисијата може да закаже седница и по барање на некој од членовите.

4) Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Комисијата, седницата може да ја свика и неа да ја раководи друг член, кој што претседателот ќе го определи.

5) Седницата може да се одржи ако се присутни најмалку половина од вкупниот број на членови на Комисијата.

**Член 5**

1) Комисијата носи одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Комисијата, освен во случаевите во кои што со овој Деловник е утврдено поинаку.

## III. ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СУДИЈА ВО ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

### Член 6
### Објавување на јавен оглас

1) Комисијата е должна најдоцна до 16 март 2016 година, да распише јавен оглас за избор на кандидати за судија на Република Македонија во Европскиот суд за човекови права, кој ќе биде објавен во најмалку две јавни гласила во Република Македонија од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот, кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, Службен весник на РМ и официјалните веб-страни на Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Врховниот суд на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија.

2) При распишувањето на јавниот оглас Комисијата е должна да ги почитува Резолуцијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа 1646 (2009), Препораката на Совет на Европа 1649 (2004) и другите документи на Совет на Европа кои што се од важност за националните процедури за избор на судија на Европскиот суд за човекови права, како и да ги има предвид условите за вршење на судиската функција од член 21 од Европската конвенција за човекови права. Комисијата е должна во огласот да наведе дека кандидатите мора да ги исполнуваат минимум следните услови:
   - Мора да уживаат висок морален углед;
   - Мора да ги исполнуваат условите неопходни за вршење на високи судски функции или да бидат правни стручњаци со призната компетентност;
   - Мора да бидат помлади од 65 години;
   - Мора да имаат искуство во областа на човековите права;
   - Мора активно да го владеат едниот а пасивно другиот службен јазик на Совет на Европа (англиски и француски);

3) Комисијата ќе го објави јавниот оглас со прикачен модел на curriculum vitae во согласност со Резолуцијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа 1646 (2009) на Македонски, Англиски и Француски.

4) Во јавниот оглас ќе се бара од кандидатите го потполнат моделот на curriculum vitae од став 3 на овој член на македонски јазик и на еден од другите два странски јазици (англиски или француски) и заедно со тоа да достават мотивационо писмо на македонски јазик и на еден од другите два странски јазици.

5) Комисијата е должна да определи рок од 15 дена од денот на објавувањето на јавниот оглас за пријавување на кандидатите. Кандидатите можат да ги доставуваат потребните документи по електронски пат или по пошта (на наведените адреси во јавниот оглас), во дадениот рок.

**Член 7**
**Првична селекција на кандидати**

1) По истекот на рокот за пријавување на кандидатите Комисијата прави проверка на добиените апликации и врши првична селекција на кандидатите.
2) Комисијата ќе ги отфрли сите апликации кои што не се потполни, како и оние апликации на кандидати кои што не ги задоволуваат минималните услови наведени во јавниот оглас.
3) Комисијата ќе цени дали апликациите ги задоволуваат минималните услови наведени во јавниот оглас на следниот начин:

- Условот кандидатите да уживаат висок морален углед преку обезбедување на усни и писмени референци од соодветни здруженија, комори и други стручни тела на кои професионално припаѓаат (во зависност дали се работи за кандидат со искуство како судија, јавен обвинител, адвокат, професор и сл.) ;
- Условот да ги исполнуваат условите неопходни за вршење на високи судски функции или да бидат правни стручњаци со призната компетентност преку увид во соодветното работно искуство, кое не смее да биде помало од 12 години во соодветната професија.
- Условот да бидат помлади од 65 години преку увид во личните документи;
- Условот да имаат искуство во областа на човековите права преку увид во доставените curriculum vitae на кандидатите;
- Условот активно да го владеат едниот а пасивно другиот службен јазик на Совет на Европа (англиски и француски) првично преку увид во доставените curriculum vitae и мотивационо писмо на кандидатите, а најдоцна до 15 август 2016 година и со достава на меѓународно признати сертификати за познавање на странските јазици (англиски и француски, минимум ниво C1 за јазикот кој активно го владеат и минимум ниво A1/A2 за јазикот кој пасивно го владеат).

**Член 8**
**Интервју на кандидатите**

1) Комисијата ќе ги покани на интервју сите кандидати кои што ја поминале првичната селекција утврдена во член 7 од овој Деловник.

2) Интервјуто го спроведуваат членовите на Комисијата со секој кандидат поединечно.

3) Согласно позитивните пракси од други држави и насоките на Советот на Европа, Комисијата е должна дел од интервјуто да го спроведе на англиски и/или француски јазик.

**Член 9**
**Селекција на тројца кандидати**

1) По спроведувањето на интервјуата, Комисијата е должна да формира листа со тројцата најдобри кандидати со најуспешни резултати, која што, со соодветно образложение за причините за селекција на кандидатите, Комисијата ќе ја достави до Меѓународниот советодавен панел на експерти на Совет на Европа.

2) Комисијата ги оценува кандидатите индивидуално и анонимно и за секој кандидат се добива средна просечна оцена од оцените на сите членови на Комисијата.

3) Комисијата ја формира листата од став 1 на овој член едногласно, со согласност на сите членови на Комисијата, врз основа на средните просечни оценки на сите кандидати.

4) Комисијата е должна, тројцата кандидати на листата да ги наведе по азбучен ред.

5) Комисијата мора да води сметка за почитување на родовиот баланс на кандидатите кои ќе бидат селектирани на листата.

6) Комисијата е должна да го достави предлогот за избор на тројца кандидати до Меѓународниот советодавен панел на експерти на Совет на Европа со цел обезбедување на нивно мислење по предлогот.

7) По доставувањето на мислењето од страна на Меѓународниот советодавен панел на експерти на Совет на Европа, Комисијата е должна во најкраток рок да закаже седница на која што ќе го разгледа мислењето и одлучи за конечната листа на кандидати. Доколку Меѓународниот советодавен панел

на експерти на Совет на Европа достави мислење во кое што е наведено дека одреден кандидат не ги исполнува условите потребни за избор на судија во ЕСЧП, Комисијата ќе пристапи кон измена на составот на кандидати во листата, со назначување на друг кандидат од кандидатите кои што биле повикани на интервју.

**Член 10**
**Доставување на конечната листа до Владата на РМ**

1) По разгледувањето на мислењето од Меѓународниот советодавен панел на експерти на Совет на Европа и постапувањето по него, Комисијата едногласно со Одлука ќе ја утврди конечната листа со тројца кандидати, која ќе содржи соодветно образложение за изборот на кандидатите.

2) Конечната листа со тројца кандидати за избор на судија во ЕСЧП, Комисијата ќе ја достави до Владата на Република Македонија најдоцна до 15 јули 2016 година, освен доколку сеуште не е завршена постапката пред Меѓународниот советодавен панел на експерти на Совет на Европа, во кој случај овој рок ќе биде продолжен.

**Член 11**
**Принципи на постапката**

1) Комисијата е должна особено да внимава, целата постапка за избор на тројцата национални кандидати да биде фер, демократска и транспарентна и да се темели врз принципите на недискриминација.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

1) Мандатот на Комисијата чиј состав е утврден во член 2 на овој Деловник, престанува со доставувањето на конечната листа со тројца кандидати за избор на судија во ЕСЧП до Владата на Република Македонија.

**Член 13**

1) Овој Деловник стапува во сила и ќе се применува од денот на неговото донесување.